Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-3463/1
14-11 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 150 од Законот за здравствена заштита (Службен весник на Р.М. бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и Сл.весник на Р.С.М бр.101/19, 153/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23), член 4 и член 15, став 1 и 2 од Правилникот за специјализациите и субспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование (Службен весник на РСМ. бр. 275/2021), Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на суспецијализација, постапка и услови за промена на гранка на суспецијализациј бр. 02-1908/1 од 7.7.2023 година и Одлуката за распишување оглас за одобрување на суспецијализации бр.02-2436/1 од 18.09.2023 година, донесени од Наставно-научниот совет на факултетот, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје распишува

# О Г Л А С
## за одобрување на суспецијализации на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Стоматолошки факултет - Скопје

## I. Гранки на суспецијализација, најкратко времетраење и број на слободни места

1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Стоматолошки факултет – Скопје распишува оглас за одобрување на суспецијализации на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата кои работат во приватни здравствени установи, за невработени и други правни лица по следниве гранки на суспецијализација, најкратко времетраење и следниот број на слободни места:

| Ред.бр. | Гранка на суспецијализација | Најкратко времетраење | Број слободни места за одобрување |
|---|---|---|---|
| 1. | Орална имплантологија | 24 месеци | 6 |
| 2. | Ендодонција со ендодонтска хирургија | 24 месеци | 10 |
| | ВКУПНО | | 16 |

## II.Услови и потребни документи за одобрување на специјализација

1. Здравствените работници кои ќе поднесат пријава за одобрување на суспецијализација треба да ги исполнуваат општите услови согласно член 141 од Законот за здравствена заштита, односно да имаат:
- завршен Стоматолошки факултет,
- завршена пробна работа и положен стручен испит ,
- лиценца за работа.

2. Услов за запишување на суспецијализација на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата, покрај наведените услови од точка 1, е кандидатот да има завршена специјализација и положен специјалистички испит на една од соодветните гранки на специјализација и тоа:
- За одобрување на суспецијализација по орална имплантологија, кандидатот треба да има положен специјалистички испит на една од следниве гранки на специјализација: орална хирургија, максилофацијална хирургија, стоматолошка протетика или пародонтологија.

- За одобрување на суспецијализација по ендодонција со ендодонтска хирургија, кандидатот треба да има положен специјалистички испит на една од следниве гранки на специјализација: ендодонција со реставративна стоматологија или орална хирургија.

3. Во прилог на пријавата за одобрување на суспецијализација, освен задолжителната документација за кандидатите со која се докажува исполнетоста на условите, а која треба да биде заверена на нотар, кандидатот може да достави и дополнителна документација доколку ги исполнува условите согласно Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на суспецијализација, постапка и услови за промена на гранка на суспецијализација.

4. Законот за здравствена заштита, Правилникот за специјализациите и суспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование, Одлуката за утврдување на критериуми за селекција на кандидати, постапка за упис на суспецијализација, постапка и услови за промена на гранка на суспецијализација, донесена од Наставно-научниот совет на факултетот (бр. 02- 1908/1 од 7.7.2023 година), листата со потребни документи, како и образецот на пријавата за одобрување на суспецијализации можете да ги најдете на WEB страната на Стоматолошкиот факултет во Скопје – www.stomfak.ukim.edu.mk

**III. Рок за пријавување**

Пријавата за одобрување на суспецијализациите до Универзитет „Св. Кирил и Методиј”-Стоматолошки факултет во Скопје се поднесува најдоцна во рок од **30 дена** од денот на објавување на огласот за одобрување на суспецијализација, до архивата на Факултетот или по пошта на адреса: ул. „Мајка Тереза” бр. 43, 1000 Скопје.

**Универзитет „Св.Кирил и Методиј”во Скопје**
**Стоматолошки факултет - Скопје**